Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 297//0306
15.07 20 25 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 19.06.2025 година, врз основа на примена жалба од политичката партија **ВМРО-ДПМНЕ,** ја донесе следнава одлука:

## ОДЛУКА

## ЖАЛБАТА Е НЕОСНОВАНА

Текстот со наслов **„Дали Мицкоски ќе добие пари за да отвори азилантски камп на Велика Британија во Македонија?“**, објавен од онлајн медиумот Независен.мк (nezavisen.mk) на 16.05.2025 г. не отстапува од професионалните и етичките стандарди при известувањето.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

Жалителот до СЕММ на 16.05.2025 г., упати жалба за текстот **„Дали Мицкоски ќе добие пари за да отвори азилантски камп на Велика Британија во Македонија?“**, објавен од онлајн медиумот Независен.мк (nezavisen.mk) на 16.05.2025 г. при што се жали на „неточно и нефер известување, на незастапена втора страна и на мешање на факти и мислења, вест со коментар“.

Во жалбата, меѓу другото, се наведува: Не е застапено мислење на втората страна, инсинуацииите се базираат на произволни толкувања на мислења на автори од Британија во текст во кој Македонија не е ниту спомната. Веста е комплетно неточна, нефер и базирана на мислење, а не на факти. Насловот е комплетно наведувачки, а во содржината се говори 90% за Албанија, а не за Македонија.“

Во жалбата на СЕММ му е доставена целата содржина во пдф формат (компјутерски скриншот од текстот и линкот од објавата), како и образложение на жалителот.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со востановената процедура (член 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби), по приемот на жалбата стапи во контакт со медиумот и побара да се изјасни по однос на наводите во жалбата.

Притоа, го потсети медиумот и на можноста случајот да се реши по пат на медијација, пред да биде разгледуван од членовите на Комисијата за жалби. На медиумот детално му беа појаснети наводите на жалителот и основите по кои смета дека е постапено непрофесионално при известувањето.

До СЕММ во предвидениот рок беше доставен одговор од медиумот во кој се наведува дека медиумот ги отфрла ваквите жалби од партијата на власт и смета дека станува збор за притисок.

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека текстот со наслов **„Дали Мицкоски ќе добие пари за да отвори азилантски камп на Велика Британија во Македонија?“**, објавен од онлајн медиумот Независен.мк (nezavisen.mk) на 16.05.2025 г., не отстапува од професионалните и етичките стандарди при известувањето, при што не е нарушен ниту еден член од Кодексот на новинарите на Македонија.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

Комисијата ги разгледа фактите поврзани со случајот и утврди дека станува збор за текст во кој се пренесува информација што е од јавен интерес бидејќи е поврзана со значењето на одлуката на македонската влада да склучи договор за стратешко партнерство со Обединетото Кралство и прашањето дали таквиот договор подразбира и согласност за примање мигранти во земјава.

Комисијата констатираше дека иако насловот на текстот се чини донекаде проблематичен, сепак во самиот текст нема никакво прекршување на етичките правила. Со пренесениот текст од Би-Би-Си, практично се разбива шпекулацијата за прашањето дали со склучувањето на договорот за стратешко партнерство се предвидува и изградба на капацитети за примање мигранти во земјава. Покрај тоа, во новинарскиот текст се внимава на начинот на кој се врамува состојбата на мигрантите генерално, како и на користената терминологија, така што наместо мигранти се користи изразот азиланти. И на крајот, редакцијата се потрудила да го претстави и гледиштето на Владата за овој проблем, така што во текстот се цитира и владин извор.

Од тука, Комисијата смета дека не е прекршен ниту еден член од Кодексот на новинари на Македонија.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата со мнозинство одлучи како што е погоре наведено. Во работата на Комисијата учествуваа членовите: Снежана Трпевска, Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Тамара Чаусидис, Димитар Мицев, Зериета Јајага и Жана Божиновска.

Со почит,

Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседателка на Комисијата за жалби
Снежана Трпевска

С. Трпевска

Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија ЕТИКА ПРЕС Скопје

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595